Овогодишниот добитник на 8 Ноемвриската награда на град Штип, писателката и професор на Филолошкиот факултет, д-р Марија Емилија Кукубајска, презентираше уште едно свое иновативно и инспиративно остварување насловено „ПТИЦИТЕ се СЛОБОДНИ (?)“. Во едночасовен перформанс на седмата меѓународна конференција „Знаење за можности и способности“, одржан во Банско, Бугарија, Кукубајска го претстави првиот новогодишен календар од таков вид во Македонија. Изданието со 12 книжевни текстови во нејзино авторство и 12 уметнички илустрации од студенти на УГД Ликовната академија, и со музичката свита Пер Гинт од Едвард Григ, промовираше актуелни и ангажирачки теми.




*Илустрација на насловната страна: Вангел Крстиновски, 1 година, УГД Ликовна Академија*

„Перформансот е креиран во чест на денот на студентите како и на Св. Климент, македонскиот христијански просветител од 9 век, педагог, основач на првото сеучилиште во Македонија. Просветителот Климент во своите учења ги интегрирал тогашните широки согледувања и науки од духовни и практични десциплини, од просвета, книжевност и култура до агрикултура. Инспирирана од Климентовата моќ да ги толкува мисловните и практични промени и духовните движења, денес и јас се вклучувам во чествувањето на Климентовото дело и студентската креативност со свои согледувања и прашања за промените и движењата во светот, и човекот.

Реторичкото прашање „Птиците се слободни“ (?) укажува на недозволивоста слободата, како и миграцијата на птиците и нивните просторно-временски промени, да се претвори во радикален поим, бидејќи тогаш слободата самата би се поништувала себе си во анархична антитеза, безредие, хаос, како што се случи со *комунистичката* револуција на идеализираната Комуната на Париз 1789 година, и другите комунистички утопистички револуции кои доведоа до дистопии и катастрофи во 20 век. Овие сложени теми ги изразувам на едноставен македонски јазик на кој надежта и верувањето во слободата ги гледам како вродена позитива во човекот, и покрај деструктивните промени и движења кои ги манипулираат слободите и правата, без да учат од минатото. Во месец бр. 5 од календарот (насловна страна), строфата се осврнува на проблемот:

Птици, птици, убаво време или лоши вести носите? / Летоци за напади или кодоши врнат, врз црквата ...

Храмови други... Лоши вести врнат против нас, а / Градевме, да се радуваме. Од бомби сега се чуваме...

Како и во сите мои книжевни експерименти кои во седумдесеттите години се занимаваа со модерни и постмодерни промени, за подоцна да се определат за разумна синергија меѓу традиционалното и современото, и во овој календар верувам дека љубовта кон човекот и грижата за неговите здрави вредности се таа позитивна енергија која ја менува свеста на подобро, на движење кон *светоста* на умот и душата, во одбрана од анти-божјите мејнстрим диктати и негативни хабитати и акции. Позитивна духовна сила е таа со која *„се движиме кон Бог“*, како што рекол и Св. Климент“, Кукубајска го завршува својот коментар.

Истражувањата за феноменот на летањето и птиците низ антрополошки, психолошки, верски и културолошки инклузивен контекст, д-р Кукубајска ги има вклучено и во научен труд поднесен на истата конференција, под наслов „Птиците: митски симбол на миграција, убавина и бестијалност“. Истражувањата ги анализираат симболите на птицата како мир и спас (од светски митови до Стар и Нов Завет), како предисториска летечка аждаја и како адикција на агресија во анимирани дигитални игри *Angry birds*.



Перформансот ПТИЦИТЕ се СЛОБОДНИ (?) е дел од Арт-По концептот (уметност и поезија), основан од Марија Кукубајска во 1973 година. Од тогаш Арт-По е изведуван на бројни теми и во различни културни, образовни, уметнички, општествени и здравствени институции во САД и Европа, меѓу кои и Asia-Pacific Museum, Pasadena; Irvine Fine Arts Center; University of La Jolla Marymount; Chaffey College Wignall Museum, Rancho Cucamonga; Vietnamese New Year and Orchid Festival, Santa Ana, Los Angeles; Gallery

Kubaiski, No. Hollywood; Viet Nguyen Gallery, Burbank; Branson Arts Council and U.S. Army Corps of Engineers - Earth Day Performance; University of Columbia Children's Ward, Missouri; Crown Plaza Hotel Gallery, Branson.

Во воведот на календарот Кукубајска пишува: „Слободата има своја возвишена и зла страна. Фолклорот, фантазијата и книжевноста секогаш биле фасцинирани со птиците и нивниот феномен на летање како метафора за слобода на издигнување над приземноста, за миграција и размножување во непознати простори, за флуктуација во сезонски на-доаѓања, или како метафора за конфликти помеѓу добронамерноста и непријателството, доброто и злото. Фикција или факт, птиците одразуваат вродено двојство како позитивни, но и негативни симболи. Нивните метафори летаат од митски до современи уметнички, религиозни, книжевни и културолошки полиња, мутирајќи го своето значење на постоење, живот и смрт, но, и низ темнина – сепак издигнувајќи се, привлечено од моќта на мирот, радоста и светлината, што е суштината на се создадено од Бог.“

Издавач на календарот „ПТИЦИТЕ се СЛОБОДНИ“ (?) е ЕМАРИ Институтот, Штип, чиј ко-основач, со Емилија Кукубајска, и претседател е Марија Емилија Кукубајска.